Јавно Претпријатие ЧИСТОТА И ЗЕЛЕНИЛО
Ndermarrja Publike PASTRIMI DHE GJELBERIMI
Бр.Nr: 04-990/815/4
14.10. 2024 год.viti
КУМАНОВО-KUMANOVË

Врз основа на член 22 и 23 од Законот за работни односи, член 22 од Законот за вработените во јавниот сектор, член 37-е, 37-и од Законот за јавни претпријатија, Одлуката за потреба од работници бр.04-815 од 19.08.2024 година и член 35 од Статутот на Јавно претпријатие „Чистота и зеленило" Куманово, в.д. Директорот Ненад Стојановски, на ден 17.10.2024 година објавува:

**ЈАВЕН ОГЛАС**
**бр. 02/2024**
**за вработување на работници на определено време во ЈП „Чистота и зеленило" Куманово**
**за период од 6 месеци**

Јавно претпријатие „Чистота и зеленило" Куманово поради зголемен обем на работа има потреба од вработување на три (3) работника на определено време и тоа на следните работни места:

*Даватели на јавни услуги*

1. **Инкасант - наплатувач** - Одделение за наплата,
- 1(еден) извршител со шифра на работно место КДР 03 05 Б04 056,
- кандидатите да имаат завршено четири годишно средно образование (240 кредити според ЕЦВЕТ),
- со или без работно искуство во струката,
- работното време на избраниот кандидат ќе биде од 07:00 до 15:00 часот или 8 часа дневно, 40 часа неделно,
- паричниот износ на основната нето плата изнесува 25.912,00 денари;

2. **Одговорен инжинер** – во Одделение за подигање на зеленило, Сектор за техничко технолошки работи,
- 1(еден) извршител со шифра на работно место КДР 03 05 Б01 044,
- кандидатите да имаат завршено високо образование (180 кредити според ЕКТС),
- најмалку 3 години работно искуство во струката,
- работното време на избраниот кандидат ќе биде од 07:00 до 15:00 часот или 8 часа дневно, 40 часа неделно,
- паричниот износ на основната нето плата изнесува 33.843,00 денари;

*Помошно технички - лица*

3. **Општ работник**, во Одделение за подигање на зеленило, Сектор за техничко технолошки работи,
- 1 (еден) извршител со шифра на работно место КДР 04 01 А03 012,
- кандидатите да имаат завршено основно образование,
- со или без работно искуство во струката,
- работното време на избраниот кандидат ќе биде од 07:00 до 15:00 часот или 8 часа дневно, 40 часа неделно,
- паричниот износ на основната нето плата изнесува 23.003,00 денари

Кандидатите доставуваат пријава која треба да ја содржи следната содржина:

1. Податоци за огласот - број на оглас – органот кој го објавува јавниот оглас - реден број на работното(и) место(а) за кое се пријавува;

2. Лични податоци за кандидатот - име - презиме - припадност на заедница - датум на раѓање - пол - ЕМБГ - адреса на живеење (улица и број, место) - контакт адреса (улица и број, место) - контакт телефон (мобилен, фиксен) - e-mail адреса;

3. Податоци за општи и посебни услови – **државјанство**; податоци за психо-физичка состојба и способност за работа (**лекарско уверение**); податоци, односно **уверение** дали има изречена казна **забрана за вршење професија, дејност или должност**; степен на образование или стекнати кредити според ЕКТС (**диплома/уверение**) - вид на образование (образовна институција, насока, држава на завршување на образованието, датум на дипломирање) - просечна оценка (највисока и најниска преодна оцена за кандидатите кои го завршиле своето образование во странство); работно искуство во струката (**листа за стаж**); податоци за познавање на јазици (**диплома/уверение за странски јазици**); податоци за компјутерски вештини (**диплома/уверение/лиценца за компјутери**) - податоци за положени испити, сертификати, дипломи и за поседување способности, умешности и вештини од интерес за работното место;

4. Изјава за веродостојност на податоците;

5. Потпис на кандидатот и датум на поднесување на пријавата.

Општи услови утврдени со Закон за јавни претпријатија, Закон за работни односи или колективен договор се:

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Кандидатите покрај пријавата за работа да достават доказ за завршено образование како и документ со кои ги исполнуваат посебните услови кои се горенаведени.

Напомена: ненавремените и некомплетно пополнети пријави нема да се разгледаат.

Огласот е отворен 15 (петнаесет) дена сметано од денот на објавувањето.

Пријавата со потребната документација се доставува до архивата на Јавно претпријатие „Чистота и зеленило“ Куманово, ул.„Братство Единство“ бр.30.

**ЈП „Чистота и зеленило“ Куманово**
**в.д. Директор Ненад Стојановски**

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ-NDERMARRJA PUBLIKE ЧИСТОТА И ЗЕЛЕНИЛО PASTRIMI DHE GJELBËRIMI 9 Г. КУМАНОВО-KUMANOVË